**20200080187**

**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Врз основа на член 116 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 124/2019), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНСУЛТАНТСКИ УСЛУГИ И ОБУКИ И ЗА НАЧИНОТ НА РАСПРЕДЕЛБАТА И КОРИСТЕЊЕТО НА ПРИХОДИТЕ**

Член 1

Во Правилникот за начинот на остварување на меѓународна соработка, спроведување на консултантски услуги и обуки и за начинот на распределбата и користењето на приходите (“Службен весник на Република Македонија” бр.132/13) во членот 8 став (1) по зборовите: „Годишната програма за обуки“ се додаваат зборовите: „од областа на геодетските работи и правни работи ( во понатамошен текст „Годишната програма“)“.

Прилогот број (1) од ставот (3) на овој член се заменува со нов прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Во членот 9 во ставот (2) зборовите: „чиј составен дел е“ се бришат.

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) АКН води Регистар на реализирани обуки во кој се содржани податоците за видот на презентацијата, насловот на презентацијата, име и презиме на презентерот и институција, како и материјалите од обуката.“.

Член 3

Во членот 10, ставот (2) се менува и гласи:

„Годишната програма ја донесува Управниот одбор на АКН по предлог на директорот на АКН и тоа најдоцна до 15 декември од тековната година за наредната година.“

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Управниот одбор на Комората на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи, дава предлози за потребните обуки кои може да бидат опфатени во програмата за континуирана или дополнителна обука на вработените кај членките на Комората.“

Член 4

Членот 11 се менува и гласи:

„ АКН ги реализира следните видови на обуки:

- обуки согласно Годишната програма;
- посебни обуки по барање за професионални корисници и други заинтересирани субјекти
- обуки за престанок на мирувањето за овластување за овластен геодет.“

Член 5

Во членот 12, модул 2, алинеја 4 зборовите: „МаКедит системот“ се заменуваат со зборовите: „софтвер за обработка на графички и атрибутни податоци“, а во модул 3, алинејата 1 се брише.

Член 6

По членот 12 се додаваат 3 нови глави, 8 нови наслови и 8 нови члена кои гласат:

„V-а. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОБУКИ ОД ОБЛАСТА НА ГЕОДЕТСКИТЕ И ПРАВНИ РАБОТИ

**Опфат на Годишната програма за обуки од областа на геодетските и правни работи**

Член 12-а

Годишната програма опфаќа обуки од областа на геодетските и правни работи за овластените геодети и обуки за професионалните корисници пропишани со Годишната програма.

**Обука за овластени геодети согласно Годишна програма за обуки од областа на геодетските и правни работи**

Член 12-б

(1) Овластениот геодет треба да посетува континуирана обука согласно Годишната програма донесена од Управниот одбор на АКН.

(2) Обуката согласно Годишната програма се изразува во бодови.

(3) За времето, местото и темата на спроведување на обуката се известува Комората и истото се објавуваат на Веб страната на АКН 15 дена пред нејзиното одржување.

(4) За посета на обуката, овластениот геодет плаќа надоместок чија висина со одлука ја определува Управниот одбор на АКН.

(5) АКН на овластениот геодет му издава сертификат за посетена обука, доколку на годишно ниво се стекнал со минимум 10 бодови континуирана обука од ставот (1) на овој член.

(6) По исклучок на ставот (5) на овој член, АКН на овластениот геодет му издава сертификат за посетена обука доколку на годишно ниво се стекнал со минимум 10 бодови, од кои минимум 7,5 бодови ги стекнал со континуирана обука согласно Годишната програма, а останатите бодови ги стекнал преку индивидуалните обуки пропишани со овој Правилник.

**Обуки за професионалните корисници пропишани со Годишната програма**

Член 12-в

(1) АКН реализира обуки пропишани со Годишната програма и за потребите на професионалните корисници.

(2) За времето, местото и темата на спроведување на обуката се известуваат коморите/здруженијата во кои членуваат професионалните корисници и истото се објавуваат на Веб страната на АКН, 15 дена пред нејзиното одржување.

(3) За посета на обуката, професионалниот корисник плаќа надоместок чија висина со одлука ја определува Управниот одбор на АКН.

## V-Б. ПОСЕБНИ ОБУКИ ПО БАРАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ КОРИСНИЦИ И ДРУГИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СУБЈЕКТИ

**Опфат на обуката за професионални корисници**

Член 12-г

(1) Обука по барање на професионалните корисници е обука која не е опфатена во Годишната програма, а е содржана во Каталогот на обуки кој го изготвува АКН.

(2) Обуката може да се организира по барање од група на професионални корисници или по барање за индивидуална обука.

(3) Формата и содржината на барањето од став (1) на овој член е дадена во прилог број 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Обука по барање од група на професионални корисници**

Член 12-д

(1) АКН организира и спроведува обука на професионалните корисници (нотари, адвокати, извршители, банки, проценители, општини, овластени геодети и други) по барање од најмалку 5, а најмногу до 10 професионални корисници.

(2) Обуката од став (1) на овој член се организира на тема која ја избираат професионалните корисници од Каталогот на обуки.

(3) За организирање на обуката од став (1) на овој член се поднесува барање во кое се наведува темата од Каталогот на обуки.

(4) Обуката од став (1) на овој член се одржува во тренинг центарот на АКН, а датумот на нејзино одржување е взаемно определен, но не подолго од 15 (дена) од поднесување на барањето.

(5) За посета на обуката, професионалниот корисник плаќа надоместок чија висина со одлука ја определува Управниот одбор на АКН. По исклучок, за посета на обуки за професионалните корисници вработени во министерствата и другите државни органи не плаќаат надоместок.

**Индивидуални обуки**

Член 12-ѓ

(1) Индивидуалните обуки се обуки кои АКН ги организира на тема која ја избира професионалниот корисник (овластен геодет, геодет, нотар, адвокат, извршител, итн.) од Каталогот на обуки.

(2) За организирање на обуката од став (1) на овој член професионалниот корисник поднесува барање во кое ја определува темата од Каталогот или Годишната програма.

(3) Барањето се доставува најмалку 15 (петнаесет) дена пред одржување на обуката.

(4) За посета на обуката, професионалниот корисник плаќа надоместок чија висина со одлука ја определува Управниот одбор на АКН.

(5) Обуката се организира во седиштето на професионалниот корисник, на датум определен од негова страна, во текот на работното време.

(6) Овластениот геодет за учество на индивидуалната обука се стекнува со 1,5 бод.

**Обуки по барање на професионални корисници и други заинтересирани субјекти**

Член 12-е

(1) АКН обезбедува обуки во својство на обучувач за професионални корисници и други заинтересирани субјекти од земјата и странство, кои се организирани од нивна страна.

(2) За организирање на обуката, субјектите од став (1) на овој член поднесуваат барање во кое се наведува темата на обуката.

(3) АКН ги спроведува обуките на начин што склучува договор за спроведување на обуки со кој се регулираат видот и модулот на обуката, времетраењето на обуката и висината на надоместокот за спроведување.

(4) Обуките од ставот (1) на овој член, ги спроведуваат стручни лица од АКН како обучувачи на работилници и семинари.

(5) За обуката, професионалниот корисник плаќа надоместок чија висина со одлука ја определува Управниот одбор на АКН.

„V-В. ОБУКА ЗА ПРЕСТАНОК НА МИРУВАЊЕТО ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ

**Опфат на обуката за престанок на мирувањето за овластување за овластен геодет**

Член 12-ж

(1) АКН за овластениот геодет кој поднел барање за престанок на мирувањето за овластување за овластен геодет, организира и спроведува обука.

(2) Обуката од став (1) на овој член е содржина во која се сублимирани сите обуки согласно Годишните програми, на кои не присуствувал овластениот геодет за време на мирувањето на овластувањето.

(3) За посета на обуката од став (1) на овој член, овластениот геодет плаќа надоместок чија висина со одлука ја определува Управниот одбор на АКН.

(4) На овластениот геодет кој ја посетил обуката од став (1) на овој член, АКН му издава сертификат за посетена обука.

(5) Формата и содржината на сертификатот од став (4) на овој член е дадена во прилог број 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Главата VI се менува и гласи:

„НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИ“.

Член 6

Членот 13 се менува и гласи:

„(1) Обуките уредени со овој правилник, АКН ги спроведува преку организирање на работилници, семинари, конференции, работни средби и отворени дебати.

(2) По исклучок од став (1) на овој член АКН обуките може да ги организира преку организирање студиски посети на надлежни институции од земјата и странство.“

Член 7

Членот 14 се брише.

Член 8

Членот 15 се брише

Член 9

Членот 16 се брише.

Член 10

Во членот 18 во став 1 се додава нова алинеја која гласи:
„- овластен геодет "
Ставот 2 се брише.

Член 11

Во член 19 по зборот: „геодетските" се става запирка и се додава зборот: „правни", а зборовите: „да е во ранг на раководен државен службеник, " се бришат.

Член 12

Во член 20 по зборот: „геодетските" се става запирка и се додава зборот: „правни".

Член 13

Во член 21  се додава нов став кој гласи:
„(2) Надворешните обучувачи од  надлежни органи или институции на други земји од областа на геодезијата, правото, катастарот на недвижности и информатички работи може да  вршат обука согласно меморандумите за соработка  кои АКН ги има потпишано со нив."

Член 14

По членот 21 се додава нов член 21-а кој гласи:

„Член 21-а

Овластениот геодет од став (1) на овој член го предлага Комората на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи, соодветно на областа за која е предвидено да се изврши обуката согласно Годишната програма за обуки. Овластениот геодет за спроведената обука во својство на обучувач, се стекнува со 5 бода."

Член 15

Во членот 22 став (3)  зборовите: „без дополнителен надомест" се бришат.

Член 16

АКН води евиденција за сите посетени обуки и издадените сертификати.

Член 17

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 0101-16713/1
6 декември 2019 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
м-р **Ирма Мандева,** с.р.

Прилог број 1

Република Северна Македонија

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 15 став (1) алинеја 18 од од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 124/19), Агенцијата издава

С Е Р Т И Ф И К А Т
за посетена обука од областа на геодетските работи
на
ОВЛАСТЕНИОТ ГЕОДЕТ

______________________________

Име и презиме,/ЕМБГ

Именуваниот, во текот на ___________ година има посетено обука од областа на геодетските работи и се стекнал со _____ бодови.

Д И Р Е К Т О Р

____________________

Скопје, __________ година

Прилог број 2

Република Северна Македонија

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 15 став (1) алинеја 18 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 124/19 ), Агенцијата издава

# Б А Р А Њ Е
## за организирање на посебни обуки

**1.Обука по барање од група на професионални корисници** (најмалку 5 а најмногу 10 професионални корисници)

________________________________________

број на учесници

**2. Индивидуална обука**
- време и место на одржување на обуката________________________________

**3** .Тема на обуката

________________________________________

од Каталогот или Годишната програма

Место и дата ____________________

Подносител/и ____________________

Прилог број 3

Република Северна Македонија

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 15 став (1) алинеја 18 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 124/19), Агенцијата издава

## С Е Р Т И Ф И К А Т

за посетена обука од областа на геодетските работи заради престанок на мирување

на

ОВЛАСТЕНИОТ ГЕОДЕТ

____________________________________

Име и презиме,/ЕМБГ

Именуваниот, заради престанок на мирувањето, на ________________ година посети обука од областа на геодетските работи.

Д И Р Е К Т О Р

_________________

Скопје, _________година